**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА И ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ ЕТНОХАРМОНИКА НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-127/4 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница, одржана на 16.12.2015 година, Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија избра Рецензентска комисија во состав: м-р Љупчо Соколов, редовен професор во пензија на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ (претседател), д-р Аида Ислам, редовен професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ (член) и проф. Живојин Глишиќ, редовен професор на Факултетот за музичка уметност во Скопје (член), за избор на наставник во наставно звање за наставно-научната област теорија на музиката и видови инструменти - етнохармоника на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Коха” на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријавил кандидатот д-р Илчо Јованов, вонреден професор (вработен како вонреден професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Р. Македонија).

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **проф. д-р Илчо Јованов** е роден на 27 мај 1962 година во Штип. Основно образование, нижо и средно музичко училиште завршува во родниот град. Образованието го продолжува во Белград во средното музичко училиште - отсек Хармоника. Како инструменталист учествува на многу натпревари во поранешна Југославија, како што е натпреварот што се одржувал во Соко Бања, каде што во 1982 година ја освојува првата награда и го добива називот **Прва хармоника на Југославија** во сениорска конкуренција. Во 1985 година се запишува на Факултетот за музичка уметност во Скопје на одделот Музичка теорија и педагогија, кој го завршува во 1989 година. По дипломирањето, кандидатот извесно време работи во Домот на ЈНА во Белград како раководител на народниот и забавниот оркестар. По распадот на Југославија во 1992 година, тој се враќа во Македонија и се вработува во Македонската Радио Телевизија на работното место инструменталист на хармоника и продуцент во Музичката и касетна продукција на МРТВ, а во 1999 година го зазема раководното место уредник за народна музика во Музичко-касетната продукција на МРТВ (раководител на оркестрите за народна музика) и станува повеќегодишен уметнички директор на фестивалот „Цветници“, како и раководител на оркестарот на фолк-фестивалот „Валандово“.

Во 1998 година кандидатот д-р Илчо Јованов се запишува на постдипломски студии на Државната музичка академија „Панчо Владиѓеров“ во Софија и истите ги завршува во 2004 година и се стекнува со академски степен магистер-музиколог. Во 2008 година го продолжува своето образование со запишување на трет циклус докторски студии на Регионалната академија при Меѓународниот универзитет во Киев, Украина, каде што се стекнува со академски степен доктор од областа на музичката теорија и педагогија.

Кандидатот д-р Илчо Јованов во текот на својата уметничка и музичка кариера има учествувано на многу фестивали, концерти во Македонија и надвор од неа, автор е на голем број авторски музички дела од областа на народната музика, аранжмани, оркестрации, а за некои од нив добивал и врвни награди и уметнички признанија. Денес тој работи и твори во областа на народната музика, а со својот креативен интелектуален ангажман придонесува за збогатување и унапредување на националната култура и уметност.

Од почетокот на конституирањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатот д-р Илчо Јованов е поставен за декан на Факултетот за музичка уметност. Истовремено, покрај оваа раководна функција, тој активно учествува и во наставата на првиот и вториот циклус студии со повеќе предмети од областа на музичката теорија и педагогија. За таа цел кандидатот изработува и скрипти и практикуми кои се неопходни за наставата.

Од 2007 година кандидатот е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Факултетот за музичка уметност во Штип како доцент, а од 2011 година е избран за вонреден професор на Факултетот за музичка уметност.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност***

Д-р Илчо Јованов е избран во звање:

- доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука **бр.866 од 4.6.2007 г**. од Рецензентската комисија формирана од страна на Матичната комисија при основање на Факултетот за музичка уметност во Штип;
- вонреден професор на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука **бр.1902-71/3 од 16.6.2011 г**.;
- објавени трудови во реномирани списанија (во земјава /во странство) или изведби и автор на камерни дела;
- има издадено цеде;
- придонесува во оспособувањето на помлади наставници и соработници;
- покажува способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност;
- позитивна оцена од самоевалуацијата.

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот/вид на музичка активност** | **Списание/ музички настан** | **Години на излегување / на одржување** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јованов,И. | Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија | Годишен зборник 2012, Факултет за музичка уметност, 3 (3). pp. 131-134. ISSN 1857-7296 | 2010 |
| 2 | Величковска, Р. Јованов,И. | Пејачката традиција во кривопаланечкиот регион. | Славишки зборник (2). pp. 169-189 | 2013 |
| 3 | Јованов, И. | Улогата и значењето на оркестарот на народни инструменти на Македонската Радио Телевизија во одржувањето на сопствената музичка традиција | Годишен зборник 2011, Факултет за музичка уметност, 2 (2). pp. 5-12. ISSN 1857-8659 | 2010 |
| 4 | Јованов, И. | Изведувач-етнохармоника | Концертен настап во Штип 2015 | 2015 |
| 5 | Јованов, И. | Изведувач - етнохармоника | Концертен настап во Хрватска | 2015 |
| 6 | Јованов, И. | Автор и изведувач на хармоника | Настап на Балканската авторска вечер на водечки автори од балканските држави на фестивалот „Пирин фолк“ | 2014 |
| 7 | Јованов, И., Китановски, А. Секуловски, А. и Донев, Д. | Изведувач-хармоника | Концерт во Софија во Чешки центар | 2013 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Јованов, И. | Автор на композиција и аранжман | Пирин фолк, наградена композиција „Болка и тага“ | 2013 |
| 9 | Јованов, И. | Автор на композиција и аранжман | Стефаново оро | 2013 |
| 10 | Јованов, И. | Автор на композиција и аранжман | Играорен колорит | 2013 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка и уметничка дејност***

***Наставни активности на додипломски (прв циклус) студии** -задолжителни предмети – наставни дисциплини*

Солфеж 1, 2, 3 и 4: Музичка теорија и педагогија (2+2), Инструментален оддел (2+1), Соло-пеење (1+1), Етнокореологија (2+2), Методика на музичка настава 2, Музичка теорија и педагогија (2+2)

– *изборни предмети – наставни дисциплини:*

Солфеж 5 и 6

Етнохармоника 1, 2, 3, 4, 5, 6

Ансамбл етнохармоника 1, 2, 3, 4

***Втор циклус студии***

Напреден солфеж

***Одржани предавања, работилници***

Лешкова-Зеленковска С.Велковска-Трајановска В., Јованов И. (2015) *Работилница на тема: Музичките инструменти во оркестарската музика - основни функции во реализирањето на музичката идеја и творечката концепција низ историјата на музиката* (http://eprints.ugd.edu.mk/13220/)

Јаневски, В. Лешкова-Зеленковска С. Јованов И, Велковска-Трајановска В., Шкариќ М., Гавриловски Г. (2013) *Факултет за музичка уметност*. (http://eprints.ugd.edu.mk/9398/)

***Издадено цеде***

Јованов, И.(2013) *Корени* (поддржано како проект од национален интерес од Министерството за култура на РМ) (http://eprints.ugd.edu.mk/9223/)

Илчо Јованов е автор на музика и аранжман, со исклучок на бр. 6 и 10 каде што аранжманот е на Благоја Дескоски. Музиката на овој авторски албум е избор од едно мошне обемно творештво на еден несекојдневен музичар. „Корени“ е приказна за еден вљубеник во хармониката кој сиот свој живот не престанал да создава музика во духот и традицијата на својот народ. По многу напишани композиции, оркестрации и солистички изведби Илчо Јованов ни се претставува со овој компилациски осврт, опус кој започнал да се создава пред три децении

***Објавени трудови***

Јованов, И. (2013) *Основни карактеристики на музичкиот фолклор во Република Македонија*. Годишен зборник 2012, Факултет за музичка уметност, 3 (3). pp. 131-134. ISSN 1857-7296 (http://eprints.ugd.edu.mk/9271/)

Трудот го анализира фолклорното творештво создавано на македонска територија како еден процес кој трае со векови. Имено, и покрај разните историско-социјални случувања и влијанието на културите на народите од соседните држави, македонскиот народ создал творештво карактеристично по својот фолклорен израз - инспириран од содржините на обичаите, традиционалните носии и песните. Тие компоненти се главните белези и инспирација на музичкото фолклорно творештво во Македонија, кое е составено од вокална, инструментална и вокално-инструментална музика. Во зависност од местото на создавањето и од содржините кои се изразени во него, музичкото фолклорно творештво на Македонија ги изразува спецификите на традициите на градските средини и традициите што ги одбележуваат селските средини.

Velickovska, R. Jovanov, I.(2013) *Пејачката традиција во кривопаланечкиот регион*. Славишки зборник (2). pp. 169-189. (http://eprints.ugd.edu.mk/12629/)

Во овој труд е презентирана пејачката традиција во Кривопаланечкиот регион, која егзистенционално била врежана во животот на старата патријархална заедница, а во овој момент е изложена на брзо изумирање. Иако секоја мелодија во минатото имала свои атрибутивни одредници кои ја означувале пригодата во којашто се изведувала песната, односно се знаеле времето и местото на изведување, начинот на интерпретацијата и сл., сите информации при теренските истражувања говорат за процесот на промените во културата и гасењето на некои видови.

Јованов, И**.** (2011) *Улогата и значењето на оркестарот на народни инструменти на Македонската Радио Телевизија во одржувањето на сопствената музичка традиција*. Зборник на трудови, Факултет за музичка уметност, 2 (2). pp. 5-12. ISSN 1857-8659 ( http://eprints.ugd.edu.mk/9508/)

Во овој труд е претставена македонската традиционална музика, како еден значаен сегмент во генералната презентација на македонската музичка култура. Всушност, оваа музика се темели на постојаната и непресушна инспирација од традиционалниот народен мелос во градењето на сопствениот музички израз. Гледано од историско-социолошки и музиколошки аспект, почетокот на презентирањето и широкото популаризирање на овој музички жанр е комплексна појава тесно поврзана со: потребата од негување и претставување на сопствената музичка култура; потврдата на сопствениот музички идентитет; привлекувањето на една поширока структура на слушатели и отворањето на можноста за голем број индивидуалци да се определат за професионално посветување на ова музичко поле.

***Изведба на камерни дела - изведувач***

Јованов, И. (2015) Концертен настап во Штип 2015.(http://eprints.ugd.edu.mk/14336/)

Јованов, И. (2015) Концертен настап во Хрватска *(*http://eprints.ugd.edu.mk/14236/)

Јованов, И. (2014) Настап на Балканската авторска вечер на водечки автори од балканските држави на фестивалот „Пирин фолк".

Jovanov, I. Kitanovski, A.Sekulovski, Al. (2013) Концерт во Софија во Чешки центар (http://eprints.ugd.edu.mk/9641/)

Јованов, И**.**, Китановски, А. Секуловски, А. и Донев, Д. (2012) Настап на Астибо џез фестивал во Штип.

***Изведба на камерни дела - автор***

Кандидатот Илчо Јованов е автор на химната на Универзитетот „Гоце Делчев" која секоја година се изведува со хорот и/или оркестарот на Музичката академија по повод патрониот ден на УГД – 27 март.

Оваа композиција, химната, се изведува за сите други свечености на Универзитетот „Гоце Делчев" (http://eprints.ugd.edu.mk/2610/)

***Автор на музички композиции***

Јованов, И. (2013) Наградена композиција - Пирин фолк 2013 (http://eprints.ugd.edu.mk/9640/).

Јованов, И. (2013) Стефаново оро *(*http://eprints.ugd.edu.mk/9108/).

Јованов, И. (2013) Илчово оро *(*http://eprints.ugd.edu.mk/9111/).

Јованов, И. (2013) Трајаново оро (http://eprints.ugd.edu.mk/9112/).

Јованов, И. (2013) Планинарско оро (http://eprints.ugd.edu.mk/9113/)

Јованов, И. (2013) Тринаесторка-отињанско оро (http://eprints.ugd.edu.mk/9115/).

Јованов, И. (2013) Бојанино оро (http://eprints.ugd.edu.mk/9116/).

Јованов, И. (2013) Александрово оро (http://eprints.ugd.edu.mk/9117/)

Јованов, И. (2013) Штипско моминско оро (http://eprints.ugd.edu.mk/9119/)

Јованов, И. (2013) Разиграно оро *(http://eprints.ugd.edu.mk/9120/)*.

Јованов, И. со (2013) Весела штипјанка *(http://eprints.ugd.edu.mk/9122/)*.

Јованов, И (2013) Мантовска игра (http://eprints.ugd.edu.mk/9123/).
Јованов, И (2013) *Облешевско оро* (http://eprints.ugd.edu.mk/9126/).
Јованов, И (2013) Играорен колорит (http://eprints.ugd.edu.mk/9128/).
Јованов, И (2013) *Бескрајна светлина* (http://eprints.ugd.edu.mk/9129/).
Јованов, И (2013) Копнеж (http://eprints.ugd.edu.mk/9131/).
Јованов, И (2013) Печалбарски мерак (http://eprints.ugd.edu.mk/9222/).
Јованов, И. (2013) Болка и тага (http://eprints.ugd.edu.mk/9529/).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

***Учество на музички манифестации, фестивали***

Фестивал на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест" (2015).

Фестивал „Пирин фолк" (2015) Сандански, Р. Бугарија.

Учество на културна манифестација „Фестивал на дувачки оркестри" - Пехчево 2015 год.

Учество на семинарот на 41. фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски", Долнени - Прилеп, 2015 год.

Учество на трибина на 41. фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски", Долнени - Прилеп, 2015 год.

Учество на културна манифестација „Фестивал на дувачки оркестри" - Пехчево 2014 год.

Фестивал на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест" – 2014 г.

Фестивал „Пирин фолк" 2014 год., Сандански, Р. Бугарија.

Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски", Долнени -Прилеп, 2014 год.

Фестивал на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест" – 2013 год.

Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски", Долнени-Прилеп, 2013 год.

Фестивал „Пирин фолк" 2013 год., Сандански, Р. Бугарија.

Фестивал на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест" – 2012 год.

Фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски", Долнени -Прилеп, 2012 год.

Викенд на македонска песна и гастрономија, Прелог, 23-25 октомври 2015 г., Хрватска.

***Стручни награди и признанија***

Награда за најдобар аранжман на фестивалот на новосоздадени македонски народни песни „Фолк-фест" – Валандово, 2015 год., за композицијата „Колку трае љубовта".

Награда за најдобар аранжман на фестивалот на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест" - 2015 год. за песната „Лична мома леринка".

Награда за најдобар аранжман на фестивалот „Пирин фолк" 2013 год. за песната „Болка и тага".

***Член во универзитетски и факултетски тела***

Декан на Факултетот за музичка уметност - Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Член на Ректорска управа на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип; Универзитетска комисија за уписи.

Координатор на факултетските комисии за проверка на знаење, признавање на испити на група за дошколување, признавање на испити за префрлување - ЕКТС, постдипломски студии и организирање на концерти и настапи.

Член на Наставно-научниот совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

***Стручно-уметнички активности***

Претседател на Комисијата за фолклорна и сценско-уметничка дејност за 2015 година при Министерството за култура.

Член на Комисија за меѓународна соработка за 2015 година при Министерството за култура.

Член на селекционата комисија и стручно оценување на композициите на 30. издание на фестивалот на музика „Макфест“, Штип, 2015 год.

Претседател на жири-комисија на фестивалот на 41. фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Долнени - Прилеп, 2015 год.

Претседател на селекционата комисија за избор на песни на фестивалот на нови родољубиви и патриотски песни „Гоце фест“ - 2015 год.

Член на жири-комисија на културната манифестација „Фестивал на дувачки оркестри - Пехчево 2015 год.

Член на селекционата комисија и стручно оценување на композициите на 29. издание на фестивалот на музика „Макфест“, Штип, 2014 год.

Член на селекционата комисија за избор на композиции на фестивалот на новосоздадени македонски народни песни „Фолк-фест“ – Валандово, 2014 год.

Претседател на меѓународно жири на конкурсот за пејачи на изворни македонски песни на фестивалот „Пирин фолк“ 2014 год.

Член на жири комисија на културната манифестација „Фестивал на дувачки оркестри“ – Пехчево, 2014 год.

Член на жири-комисија на 39. фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Долнени - Прилеп, 2013 год.

Член на селекционата комисија и стручно оценување на композициите на 28. издание на фестивалот на музика „Макфест“, Штип, 2013 год.

Претставник на Советот на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје 2012 год.; ставено кај институтска комисија.

Член на жири-комисија на 38. фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Долнени - Прилеп, 2012 год.

Член на Собранието на 38. фестивал на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Долнени - Прилеп, 2012 год.

Член на Собранието на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП (од 2010 до 2012 год.)

Член на Управен одбор на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП (од 2012 год.)

Член на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП (од 1987 година до денес).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, работната биографија, искуството во наставната и уметничката дејност, како и совесното и одговорно исполнување на работните обврски може да се заклучи дека се работи за сериозен наставно-уметнички работник.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Илчо Јованов ги исполнува критериумите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност во научноистражувачка (НИ), стручно-уметничка (СУ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност, при што може да се констатира дека тој го задоволува потребниот квантум (100 поени) за да биде избран во наставничко звање редовен професор НИ+СУ+САОР (40+90+66= 196 поени).

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисијата едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Музиката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за **кандидатот проф. д-р Илчо Јованов да го избере за наставник во звање редовен професор за наставно-научна и уметничка област теорија на музиката и видови на инструменти – етнохармоника.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Љупчо Соколов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Аида Ислам, редовен професор, с.р.**
**Живојин Глишиќ, редовен професор, с.р.**

**Т А Б Е Л А**
**НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | | | | | **ВКУПНО** | 40 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во меѓународно списание, во зборник од трудови на научен собир | 3 | 1 | | | 3 |
| | Автор на музички дела, композиции и аранжмани | 18 | 1 | 1 | 2 | 20 |
| | Музички настап на официјален концерт | 2 | 3 | 3 | 6 | 24 |
| | Издадено авторско цеде | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одржано предавање по покана од научна институција (факултет) | 2 | 2 | | | 4 |
| | Уредник на зборник на трудови | 3 | 2 | | | 6 |
| | Претседател на организационен одбор, фестивал | 2 | 2 | 1 | 3 | 7 |
| | Член на организационен одбор, фестивал | 8 | 1 | | | 8 |
| | Награди - признанија за уметнички постигнувања, сценско-музички награди | 2 | 5 | | | 10 |
| | | | | | **ВКУПНО** | 90 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Стручни награди и признанија | | | 1 | 8 | 8 |
| | Претседател на универзитетски или владини тела | 1 | 10 | | | 10 |
| | Декан | 1 | 12 | | | 12 |
| | Член на универзитетски или владини тела | 4 | 5 | | | 20 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 6 | 2 | | | 12 |
| | Член на институтски орган, Комисија | 2 | 2 | | | 4 |
| | | | | | **ВКУПНО** | 66 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | 196 |